# SUSTAINABILITY AND DIGITALIZATON OF THE REGIONAL TELEVISIONS THROUGH THE PRISM OF LEGISLATIVE BROADCASTING: THE CASE OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Slavica Burova**
Business Law, University American College – Skopje, R.N.Macedonia, burovaslavica@yahoo.com

**Abstract:** In recent years, the European and Macedonian television etherare experiencing major changes. The process of digitalization of television has been completed in most European countries, while in a smaller number it is still ongoing. Digitalization of television means production, transmission and reception of television programs in digital form through the use of digital methods for modulation and signal processing.

The process of digitalization of televisions in the Republic of North Macedonia was carried out during 2013, although the first scenario for digitalization was to be completed by the end of 2012. By decision of the Government of the Republic of Macedonia, analog signals were switched off on 31 May 2013, and The very next day, on June 1, 2013, the digital broadcasting started. From a legal point of view, this process passed without enough public debate, media managers were brought before a final act, and at the last minute they were forced to sign contracts and documents for the transition from analog to digital signal. This was especially negatively reflected on the work of the regional televisions whose programs, under very unfavorable financial conditions, are distributed by a digital public communication network operator. The Association for Private Media of the Republic of North Macedonia, at the time of the adoption of the regulations, categorically states that the current conditions for digitalization are too much for the televisions, above all economically unjustified and completely unacceptable in the current situation. Additionally, the frequency spectrum management in the Republic of North Macedonia is under the competence of a special regulator - the Agency for Electronic Communications, which is also an independent regulatory body, while the decisions for issuing licenses in the broadcasting area are made by the Agency for Audio and Audiovisual Media Services (previously Broadcasting Tip).

The main claim of this research is that a strategically designed regulatory policy, if it strives to achieve media and cultural pluralism, in the implementation of the digitalization process, must take into account the conditions for economic sustainability and development of regional television.

The main goal of this research is an analysis of the process of digitalization of terrestrial televisions, which was conducted during 2013 by the Government of the Republic of Macedonia and the regulatory bodies of the broadcasting activity.

A qualitative research strategy will be applied in the research. The following methods for data collection or analysis will be used: qualitative analysis of documents; analysis of secondary data; in-depth interviews with owners or managers of regional televisions and in-depth interviews with experts in the field of media policy and in the field of management and broadcasting; qualitative analysis of interview transcripts.

Regional televisions are a very important factor in informing the citizens in the regions where they are broadcast. The survival of regional televisions should be a concern, above all for the central government, but also for the local one. Thereby, it is necessary to take into account the specifics of the regional televisions. The purpose of this paper was to present the real situation, as well as the important role of regional televisions in the Republic of North Macedonia, but also to point out recommendations for their continuous sustainability. In addition to the above conclusions and recommendations, it is necessary to keep in mind that this is a particularly sensitive topic that is presented in this paper in the simplest possible way. However, due to its complexity and importance, the need to deepen research in this area is pointed out in order to contribute to the development of a more effective strategy, plan and guidelines for creating positive conditions for sustainability and development of regional televisions.

**Keywords:** sustainable development, regional televisions, digitalization, broadcasting rights, electronic communication, North Macedonia

# ОДРЖЛИВОСТ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТЕЛЕВИЗИИ ПРЕКУ ПРИЗМАТА НА ЛЕГИСЛАТИВЕН ТРЕТМАН: СЛУЧАЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Славица Бурова**
Деловно право, Универзитет Американ Колеџ Скопје, Р.С. Македонија, burovaslavica@yahoo.com

**Апстракт:** Во последните години, европскиот и македонскиот телевизиски етер доживуваат големи промени. Процесот на дигитализација на телевизијата е завршен во повеќето европски земји, додека во помал број сеуште е во тек. Дигитализацијата на телевизијата подразбира производство, пренос и прием на телевизиски програми во дигитална форма преку употреба на дигитални методи за модулација и обработка на сигнали.

Процесот на дигитализација на телевизиите во Република Северна Македонија беше спроведен во текот на 2013 година, иако првото сценарио за дигитализација требаше да заврши до крајот на 2012 година. Со одлука на Владата на Република Македонија, аналогните сигнали беа исклучени на 31 мај 2013 година и следниот ден, на 1 јуни 2013 година, започна дигиталното емитување. Од правна гледна точка, овој процес помина без доволно јавна дебата, медиумските менаџери беа изведени пред конечен чин, и во последен момент беа принудени да потпишат договори и документи за премин од аналоген во дигитален сигнал. Сето тоа особено негативно се одрази врз работата на регионалните телевизии чии програми, под многу неповолни финансиски услови, ги дистрибуира дигитален јавен комуникациски мрежен оператор. Здружението за приватни медиуми на Република Северна Македонија, во времето на донесување на прописите, категорично наведува дека сегашните услови за дигитализација се премногу за телевизиите, пред се економски неоправдани и целосно неприфатливи во сегашната ситуација. Дополнително, управувањето со фреквентниот спектар во Република Северна Македонија е во надлежност на специјален регулатор – Агенцијата за електронски комуникации, која исто така е независно регулаторно тело, додека одлуките за издавање лиценци во областа на радиодифузијата ги носи Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (претходно Совет за емитување).

Главното тврдење на овој труд е дека стратешки дизајнираната регулаторна политика, доколку се стреми да постигне медиумски и културен плурализам, во спроведувањето на процесот на дигитализација, мора да гиземе предвид условите за економска одржливост и развој на регионалната телевизија.

Главната цел на ова истражување е анализа на процесот на дигитализација на копнените телевизии, која беше спроведена во текот на 2013 година одВладата на Република Македонија и регулаторните тела на радиодифузната дејност.

Во истражувањето ќе се примени квалитативна стратегија за истражување. Во контекст на тоа, се користат следните методи за собирање или анализа на податоци: квалитативна анализа на документи; анализа на секундарни податоци; длабински интервјуа со сопственици на регионални телевизии и со експерти во областа на медиумската политика, управувањето и емитувањето; квалитативна анализа на записници од интервју.

Регионалните телевизии се многу важен фактор за информирање на граѓаните во регионите каде што се емитуваат. Опстанокот на регионалните телевизии треба да биде грижа, пред се за централната власт, но и за локалната. Притоа, неопходно е да се земат предвид спецификите на регионалните телевизии. Целта на овој труд беше да ја претстави реалната состојба, како и важната улога на регионалните телевизии во Република Северна Македонија, но и да укаже на препораки за нивна континуирана одржливост. Покрај горенаведените заклучоци и препораки, неопходно е да се има предвид дека ова е особено чувствителна тема што е презентирана во овој труд на наједноставен можен начин. Меѓутоа, поради неговата сложеност и важност, се укажува на потребата од продлабочување наистражувањето во оваа област со цел да се придонесе за развој на поефективна стратегија, план и насоки за создавање позитивни услови за одржливост и развој на регионалнитете левизии.

**Клучни зборови:** одржлив развој, регионални телевизии, дигитализација, права за емитување, законодавство, електронска комуникација, СевернаМакедонија

## 1. ВОВЕД

Радиодифузните медиуми, а особено телевизијата, се уште се најмоќното средство за комуницирање во светот. Сето ова се должи на големиот опсег на влијание до широката популација како и моќта за пренос на пораката, што често пати низ историјата била и злоупотребена од страна на владеачките елити. Во овој контекст се алудира на моќта на телевизијата да го детерминира курсот на позначајните политички настани во едно општество преку селективност на дневната програма и приоритизирање на тековните случувања (Bennet, 2011: 47-51).

Телевизиските медиуми се предмет на законска регулација на содржините, бидејќи од една страна користат јавен ресурс, а од друга вршат големо информативно и културно влијание врз публиката. Во сите држави во Европа, поради ограничениот фреквенциски спектар е воведен системот на давање дозволи на приватните субјекти кои сакаат да емитуваат телевизиска програма. Поради тоа како што наведува Дејвид Ворд, државата како сопственик на тој природен ресурс има право да им наметне обврски на тие кои го користат

т.е. на радиодифузерите (Ward 2002: 3). Од почетокот на 1980-те, овластувањето за поделбата на фреквенцискиот спектар државите им го пренесуваат на независните регулаторни власти, чија задача е да се грижат за обезбедување на јавниот интерес во медиумската област, за независност на радиодифузните медиуми и за заштита на интересите на граѓаните.

Управувањето со фреквенцискиот спектар во Република Северна Македонија е во надлежност на посебен регулатор – Агенцијата за електронски комуникации која е, исто така, независно регулаторно тело, додека одлуките за давање на дозволите од радиодифузната област ги донесува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (претходно Совет за радиодифузија). До денот на дигитализацијата на телевизиските сигнали, радиодифузните друштва, сами управуваа со предавателната опрема. Комерцијалните радиодифузери кои емитуваа програма на национално и на локално ниво, самостојно го вршеа преносот на нивниот сигнал со опрема и точки на зрачење одобрени од страна на Агенцијата за електронски комуникации. "Дигитализацијата на земската (терестријална) радиодифузија наметна воспоставување поинакви односи меѓу регулаторните тела во однос на управувањето со фреквенцискиот спектар, бидејќи радиодифузерите стануваат само понудувачи на содржини, а преносот на нивните програми го вршат оператори на дигитални терестријални комуникациски мрежи" (Трпевска 2012).

Дигиталните технологии веќе ги менуваат сервисите што се испорачуваат, замаглувајќи ги границите меѓу видовите сервиси и средствата за нивно пренесување и бришејќи ги разликите меѓу текстуалните, аудио и видео содржините. Овој процес на промени... се нарекува конвергенција " (Salomon 2008: 66). Конвергенцијата на новите технологии, дигитализацијата и интернетот беа главна причина за промени во европската регулатива. Усвојувањето на новата Директивата за аудиовизуелни медиумски сервиси во 2007 година, како клучен документ на Европската комисија, е резултат токму на овие процеси. Следејќи ги овие процеси, тогашното регулаторно тело, Советот за радиодифузија во 2007 година усвои "Стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија за периодот 2007-2012" година (Совет за радиодифузија 2007). Во овој документ беа објаснети технолошките промени и беше изготвено првото сценарио за дигитализација на телевизијата. Меѓутоа, тогашната влада не ја прифати стратегијата на Советот за радиодифузија, така што првото сценарио заедно со Акцискиот план за дигитализација не беа имплементирани. Од друга страна, независно од планот зацртан во Стратегијата, за да ги распредели мултиплексите наменети за национални и регионални телевизии, Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) распиша јавен повик за избор на оператор. Станува збор за повик со времетраење од 45 дена за пријавување на заинтересираните субјекти. Понатамошниот тек на постапката, опфаќа изградба на своја мрежа од страна на новиот оператор, на основа на што АЕК прави проценка во врска со реалните трошоци кои што ќе бидат наплаќани од страна на националните, регионалните или локалните телевизии. Операторот има обврска да покрие минимум 80 отсто од домаќинствата со дигитален сигнал, како и да овозможи и дополнителни услуги (како поквалитетен ТВ сигнал, програмски водич, избор на јазик и т.н.) Тендерот е распишан на 9-ти Август, 2012 година. Критериуми за избор на најповолен понудувач за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции во однос на тендерската документација се: висина на еднократен надоместок - $К_1$; цена за годишно емитување на национално и регионално ниво - $К_2$. Цените треба да се однесуваат за непрекинато 24 часовно емитување во времетраење од една година и треба да ги вклучуваат сите трошоци на понудувачот, освен трошоците за дотур на сигнал од студиото на радиодифузерот до пристапните точки на мрежата. Вкупниот број на поени (К) за една понуда претставува збир на поените добиени по двата критериуми и тоа: висина на еднократен надоместок – ($К_1$) и цена за годишно емитување на национално и регионално ниво ($К_2$) (АЕК, 2012). Со овој чекор, Република Македонија се приближува кон исполнување на дел од чекорите пропишани во "Дигиталната Агенда – 2020" на Европската Унија.

Главната цел на процесот на дигитализација, како придобивка, особено за регионалните телевизии е зголемување на новите можности за слободни и плуралистички мас-медиуми. Имено, преносните капацитети се зголемуваат неколкукратно, додека пак содржините имаат неспоредливо подобар квалитет. Самиот процес на премин од аналогно кон дигитално треба да ја гарантира слободата на изразување, слободата на медиумите и слободниот пристап до информациите. Само на ваков начин ќе се спречи монополизација на медиумскиот пазар, намален медиумски плурализам, како и појавување на нови културолошки бариери или пак спречување на меѓународниот тек на информации. Следењето, пак, на законските рамки во овој домен, ќе овозможи унапредување на меѓусебниот однос и заштита на конкуренција на пазарот. Сето ова опфаќа изрекување на мерки на оние радиодифузери што не ги исполнуваат посочените обврски. Само на таков начин ќе се овозможи развој на пазарот преку примена на јасни, транспарентни, фер и недискриминаторски критериуми во однос на емитувањето на реклами, спотови и дополнителни ангажмани кои носат финансиски бенефит на медиумот. Во овој контекст, се споменува и

потребата од емитување на програмски содржини со утврдени авторски права, со што уште повеќе се придонесува да не се наруши конкуренцијата на пазарот.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Во рамките на применетите истражувачки капацитети во овој труд, се применува квалитативна истражувачка стратегија. Поконкретно, станува збор за примена на метод на: анализа на содржина; метод на компарација; метод на генерализација и синтетизација и длабинско интервју. Имено, техниката на интервју се применува на целна група на соптвеници на регионални телевизии, како и експерти од областа на медиумската политика но и менаџмент во домен на радиодифузија. Како надополна, вкупно се опфатени 15 испитаници, со покриеност на сите региони на државно ниво, на кои се однесува проблематиката.. Интервјуата се извршува со помош на он-лајн апликација Skype, на основа на однапред договорен термин, во временскиот период од 15.06.2021 – 05.07.2021 година.

Целта на истражувањето е анализата на процесот на дигитализацијата на терестријалните телевизии, улогата и начинот на обезбедување услови за економска оддржливост на регионалните телевизии во Република Северна Македонија. Прашањата се од отворен карактер, со цел секој од испитаниците да го изрази својот став, познавања и перспективи за проблематиката, што во иднина во голема мера би послужило за интегриран стратешки пристап и логистика, како во законодавно-правната рамка така и теренски. Испитаниците се анализираат и интерпртираат на основа на приложените демографски податоци, без да се нарушува правото на анонимност и етика.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

Анализа и интерпретација на добиени резултати:

1) *Прашање број 1 од анкетен прашалник:„Дали и на кој начин сметате дека доколку се почитуваат спецификите и можностите на работа на регионалните телевизии поединечно, од страна на регулаторното тело, ќе се оствари подобрување на нивната програмска работа и тек?“*. На основа на ставот кој отежнува, добиени се следните резултати:
   - Според испитаниците, во најголема мера законската регулатива е соодветна и во поголем дел е во согласност со европската регулатива (Директивата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги). Сепак, на неколку полиња потребни се сериозни интервенции – особено кај составот и природата на регулаторното тело, кај функционирањето на јавниот радиодифузен сервис и составот на неговите управни органи (програмскиот совет), но и дел од обврските што дополнително биле воведени, во смисла на квотите за производство на играна и документарна програма, или квотите за емитување домашна музика. Особено е потребно редефинирање на начинот на одлучување за доделување државни субвенции за продукцијата на домашна играна и документарна содржина.
   - Според добиените резултати, се увидува дека радиодифузната регулатива треба да биде скроена според потребите на регионалните теливизии. Ревидирањето на ова регулатива треба биде периодична заради постојаниот развој на медиумската индустрија, со што се менуваат потребите и условите во кои функционираат тие. Треба да се обезбеди ред во функционирањето на пазарот, при телевизиите кои ги почитуваат правилата да бидат максимално заштитени од нелојалната конкуренција. Испитаниците сметаат дека регулаторното тело е сега поставено како тутор, како газда, како сопственик. Дерегулација на регулаторното тело е мерка која треба бргу да се случи за да се „ослободат“ програмските луѓе во телевизиите да си ја вршат својата работа на професионално ниво согласно новинарските стандарди и со чувство на саморегулација.
   - Постои потреба од “медиумската писменост“ за доградба на радиодифузната регулатива која ќе овозможи и развој на локалните и регионалните медиуми преку осмислени и транспарентни политики на нивно субвенционирање и други економски, фискални или развојни политики и конкретни мерки на стимулирање.
2) *Прашање број 2: „Кој е вашиот личен став во врска со функционирањето на радиодифузната регулатива и дали е потребно редефинирање на истата?“*.На основа на ставот кој отежнува, добиени се следните резултати:
   - Поголем дел од испитаниците сметаат дека во овој момент е тешко да се постават други извори на финансирање на регионалните телевизии, освен продажбата на рекламен простор и спонзорствата, и сопствените средства на сопствениците што би ги субвенционирале телевизиите од своите други бизниси. Од друга страна, во идеална ситуација, за сите

сопственици на телевизии медиумското работење би требало да биде нивната носечка активност, затоа што тоа е најголема брана против влијанието на центрите на економска и политичка моќ. Донаторските пари не се некоја опција, освен за финансирање на точно определена продукција, но тоа секако се прави по многу слични принципи како спонзорираната програма.

- Поради остварување на поквалитетна програма, неколку од испитаниците сметаат дека АЕК треба да основа фонд со кои ке се поддржи продукцијата на програма за локални или регионални теми. Актуелната финансиска кондиција на регионалните телевизии ги ограничува токму во делот на продукцијата, при што целокупната нивна програма губи во квалитет.
- Според дел од испитаниците, регионалните телевизии треба самостојно да изградат модели на позиционирање на пазарот и да се залагаат за директна финансиска подршка од буџетите на локалните самоуправи и буџетот на Македонија. Најдобро би било да се иницира воспоставување на посебен фонд од средства од радиодифузната такса и од буџетот на Македонија за финансирање на проекти од јавен интерес (некоја нова и подобра варијанта од минатата практика на финансирање на проекти од јавен интерес). Според испитаниците, за ова има основа да се инсистира бидејќи државата преку Министерството за Култура веќе се јавува како "продуцент"(пеачи и песни итн.)на еден помалку транспарентен начин од финансирањето на проектите од јавен интерес при СРД.

**4. ДИСКУСИЈА**

Главни препораки и насоки кои се излекуваат од овој труд, на основа на имплементираното емпириско квалитативно истражување, се следните:

- Потребата од постоење на регионални телевизии е еден од приоритетите претставен во националната стратегија за развој на радиодифузната дејност 2006-2012 год. Главниот акцент, односно специфика на овие медиуми беше, а и сеуште е, потребата од пополнување на вакум просторот при информирање на граѓаните за специфични и карактеристични теми и настани од регионален карактер. За жал од денешен аспект, како во поглед на распределбата на регионалните дозволи, од поделбата на зоните на зрачење, од бројот на регионални телевизии, а пред се од недоволно испитување на пазарот и потребите на публиката, овој проект покажува недоволно позитивни резултати.
- Регионалните телевизии во Република Северна Македонија работат во скромни пазарни услови, со малку вработени професионални новинари и друг технички кадар, често зависни од локалните управи во градовите каде што им е седиштето. Тие имаат скромна информативна програма, а останатото е забавна и странска играна програма (серии, филмови) главно со понизок квалитет.
- Регулаторното тело мора да негува и поединечен, освен генералниот пристап кон регионаните телевизии. Условите за нивната работа се разликуваат од регион до регион, пришто не се сите во можност да понудат ист квалитет на програма и техничко-технолошки развој. Исто така, заради етничкиот состав на населението кое го покриваат регионалните телевизии (некои работат во услови на поголема етничка и културна мешаност на публиката, други во услови на похомогена етно-културна публика), нивниот пазарен досег е различен и програмата е поинаку конципирана во однос на населението кое го покриваат. Во некои случаи (заради потребите од превод) и трошоците за работа се поголеми.
- Пазарните услови не се добри за одржување и развој на регионалните телевизии. Востановувањето на државна или локална финансиска и друга помош е можна, но само доколку тоа се прави врз транспарентни основи и со примена на утврдени стандарди, за да се спречат политички влијанија врз уредувачките политики на тие телевизии.
- Една од препораките за промовирање на одржливост на регионалните телевизии би била формирање на дописничка мрежа во целиот регион, посветување на посебно внимание на локалните теми и настани, следење на интересот на публиката за конкретни програмски содржини и секако, во сопствена продукција.
- Потребно е редефинирање на законската регулатива, односно истата треба да се дополни, измени, да се направи и нова, ако треба, но во секој случај да биде во согласност со европската директива. Постоечката регулатива е во најголем дел усогласена со европската, но она што е клучен проблем е недостигот од имплементацијата, како и немањето чувство за

водење на регулаторна политика од страна на неискусни и непрофесионални кадри, поставени на раководни функции во регулаторното тело.

- Потребно е да се обрне внимание на некој вид на проекти од национален и регионален интерес кои би биле од помош, како и сопствена продукција за промоција на локални стопански субјекти и поединци, спонзорства на забавни програми, размена на програмски содржини помеѓу регионалните телевизии, итн, би биле можни решенија за ублажување на овој проблем.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Воведување на дигитална телевизија беше и сеуште претставува предизвик за Република Северна Македонија, со цел потребата од континуирано менаџирање и решавање на појавените тешкотии на повисоко ниво. Имено, на државно ниво, телевизискиот и радио јавен сервис не смее да се дозволи да се направи само еден вид на технички експеримент со дигиталниот терестријален сигнал, а понатаму да се дозволи платформата да нема ниту оригинална програма ниту аудиториум. Понатаму, комерцијалните телевизии е потребно да покажат поголем интерес за понуда на тој тип на програма на аудиториумот. Имено, програмската содржина на телевизиските канали во Република Северна Македонија располага со неколку интерактивни платформи, вклучувајќи и интернет и подкаст, но нема содржини кои би биле поинакви од содржината која се нуди преку аналогна радиодифузија.

Република Северна Македонија не заостанува во однос на развиените европски земји во поглед на развојот на дигиталната радиодифузија. Законски датумот за премин од аналоген во дигитален сигнал беше целосно испочитуван. Сепак, законската рамка и стратешките документи во овој домен не овозможуваат прогресивна регулатива и не овозможуваат целосен развој на дигитална радио-дифузија.

Регионалните телевизии се многу битен фактор во информирањето на граѓаните во регионите каде што се трасираат. Опстанокот на регионалните телевизии треба да биде грижа, пред се на централната власт, но и на локалната, исто така. Притоа, потребно е да се води сметка за спецификите на регионалните телевизии. Целта на овој труд беше да ја прикаже реалната состојба, како и важната улога на регионалните телевизии во Република Северна Македонија, но и да се посочи на препораки за нивна континуирана одржливост. Покрај погореизнесените заклучоци и препораки, потребно е да се има на ум дека станува збор за една особено осетлива тема која што во овој труд е прикажана на што поедноставен начин. Сепак, како резултат на нејзината сложеност и важност, се посочува на потребата од продлабочување на истражувањата во овој домен со цел да се придонесе за во иднина изработка на поефикасна стратегија, план и насоки за креирањето на позитивни услови за одржливост и развој на регионалните телевизии.

## БЛАГОДАРНОСТ

Благодарност до секој поединец (испитаник) кој придонесе да се добие реална слика за рамката на истражувањето, на тема која сеуште е своевиден предизвик, особено на национално ниво.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Агенција за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги. (2021). *Тендерска документација по Јавен тендер бр. 02-2954/2 од 09.08.2012.* Скопје

Закон за радиодифузна дејност, Сл.Весник на Р.Македонија бр.100 од 21.11.2005 година

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на РМ, бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/2014 и 132/2014

Совет за радиодифузија. (2007). Стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија 2007 – 2012. Скопје: Совет за радиодифузија

Трпевска, С. (2003). *Телевизијата и сегментирањето на публиката, Скопје:* Совет за радиодифузија на Република Македонија

Bennet, J., & Strange, N. (2011). *Television as Digital Media.* London: Duke University Press

Pullinen, M. (2000). *Billing in Digital Television.* Master Thesis. Helsinki Univerity of Technology

Salomon , E. (2008). *Guidelines for Broadcasting Regulation.* London: CBA & UNESCO

Ward, D. (2002). *The Europian Union Democratic Deficit and the Public Sphere: An Evaluation EU Media Policy,*Dusseldorf : The Europian Institute for the Media

Zgrabljić, R. (2005). *Medijska pismenost i civilno društvo.* Sarajevo: Media Centar,

Zimmerman, F.J., Christakis, D., & Metcalf, A. (2010). *Television and DVD/video viewing.* Archives of Pediatrics and Adolescent Medicine, Vol. 161, No. 5